**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Собранието на Друштвото на својата седница одржана на ден 28.06.2018 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за промена на членови на Одборот на директори на Друштвото

### Член 1

Собранието на Друштвото ги констатира оставките на:

- Г-дин Павел Хадрболец, државјанин на Република Чешка, од позицијата Независен неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 01.07.2018 година, и
- Г-дин Андреас Елснер, државјанин на Австрија, од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 01.07.2018 година.

### Член 2

Собранието на Друштвото ги избира:

- Г-дин Петер Фаил, државјанин на Република Германија, за Независен неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.07.2018 година, и
- Г-дин Никола Љушев, државјанин на Република Македонија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.07.2018 година.

### Член 3

Мандатот на избраните членови на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

### Член 4

Се обврзуваат и овластуваат Главниот извршен директор и Главниот оперативен директор на Друштвото да ги преземат сите неопходни активности за доставување на оваа Одлука за цели на упис во Централниот регистар на Република Македонија.

### Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**